Јордан Даниловски

**ПОШЕПОТЕНА**

Библиотека **ПОЕЗИЈА**

**Македонска реч**
E-mail: makrec@mt.net.mk

© Сите права за ова издание се заштитени со закон. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот или на авторот.

**Јордан Даниловски**

# ПОШЕПОТЕНА

Македонска реч
Скопје, 2006

***ПАМУЧНИ ПОЛИЊА***

## ПАМУЧНИ ПОЛИЊА

Ко памучни полиња
Распукана белина памук
Листови белини гладни
За ноти и зборови
И фусноти можности како
И како и како и како
Ко потоа...
Ништо
И празно
Потоа

Ко памучни полиња беа
Ко од темни облаци потемнеа
Ко некои се будеа
Ко во обредно од зборови
И чкрипење заби
И тишина
И тмур
И ништо
И празно
Потоа

Можеби раце музика
И стихови прсти
Можеби раце музика

И стихови прсти
И еха воомени
Што ќе ги преплоднат полињата

## НЕКОЈ СЕКОГАШ МЕНЕ*

Низ возможните
Воз низможните
Низ невозможните
Зборови низ
Чудното празнење на улиците
Ко чудно помирување
Од можноста дека трча
И расте дете од можноста
И ја кине Празнината
Ти...
Постојано спроти
Огледаното Ти
Доаѓање мое доаѓање
Во еден и ист ден
Во Е ден и ист ден
Мене
Во мене и Некој
И некој и некој и некој
Секогаш доследен
Некој секогаш Мене
Во ракописите
Во ред нечиток

---

* Песнава е преобразна од „Книга Тма“

Во некое ене и мене и ене
Во надпричини
Во Бог
И празнење од гласовите

**ЕНЗУРА**

(На уметникот Ацо Станковски)

Да ги затвориме портите
Да ги затвориме вратите
Приодите
Прозорците да ги
Затнеме оџаците
Од вџаш
Сите отвори за Џа
Или Бу отворите
И будно
Да ги следиме вестите
Исходите
Можните ненадејни
Мени промени
Случајните гласини
Митологените
Непроверените сведоци
И вџашени
И овртени
И во'ртени
Да се придржуваме до упатствата
Стрелките
Мерките и предострожностите
Во штрек да се во миг ран
Посоките
Сигналите на тревога и буна

За да не влегуваме не
За да не влегуваме Не
Ооо да не влегуваме
Ни од сенка допрени
Со живата земја на зборовите
Ниту со вода што содржи бран
И да се отфрли сé од небосклоните
Пред засолништата и земјоамите
Да не!
Да не би!
Да не би да!
Сплави песната на славејот
По нашите трпези постели и глави

**ЗИМСКА АКЗИМА**

(Зима 2005/2006)

Беа ли тоа денови
Стихови препрашувања
Ноќи ли беа шепоти
Ли бранови огледала
По денови
Или пак празен
Во зимата луѓе
Се отвори
Зад зборовите ход

Беа ли
Сметени од себеси лица
Оттуѓени – одлуѓени
Ѕаверена виулица
Во студени
Во сурови
Во безмилосни приоѓања
До празнина и бездна и празнина
Одминувања од минувања одминувања
Ко призивање
Стихови препрашувања
Ноќи ли беа шепоти беа
Ли денови обземени
Ли тамини
Ко во одречувања

Овртувања на одговорите
Ли бранови огледала
До отшепотено
Спуштање на рамената
Во унели тоне ли шепоти
Во унели унели унели
Тоне ли тоне ли тонели
Од ни глас ни глагол
До ли нужна помисла
Беа ли тоа
Стихови непроодни снегови

**ТИ ДОШЛО НЕКОЕ ПОШЕПОТЕНО**

Ти дошло некое враќање
Некое назад ти дошло
Некое *некое* до назадот
По намов и намовнато
Ти доаѓа
По калдрми
Што губат значење и чекори
По сокак тесен
Од дрочна песна
Изломена во неговите ѕидови
Ли птица
Што се раздава по камењето

Ти ми ти дошло некое
Зовење Мајка и Татко
Дете ти дошло загубено
Пошепотено
Во шушлапи и пченки...
Ти ми ти дошло некое молчење
И втишина
Ти ми ти се вратило
Ми ти се отпотнало...
Ти ми ти се одронал ѕизд

Ридје ли ми ти се поместило
Ли ми ти се
Неаголно
Небо отворило зад ѕидот споен
Невозможно нешто ми ти дошло

**ДА БЕШЕ ТИ ПРИЧИНА БАР**

Сé пак сам
Тра-та-та-там
Сепак тратататам
Сепак сам тра-таммм

И едноличност крајна
Се отпотина
Во лица уморени
Лица и лица и лица
И ни исход ни стих
Ни желба за исход
И стих од таа упора
Ни врв брегу
Ни впри рамнини
Певу неосвоен
Непристапен Певу
Да беше Ти причината бар
Тра-та-та-таммм
Да беше Ти причина бар
Тра-та-та-таммм
Некое дере стрмоглавено
И забаталено во стрмоглавеното
Да беше
И од падови само кренат
Певу

И без узди и без ножници
Ќе ти се качев
И ќе те уздев
И шепотев и ножев
Да беше Ти причината бар
Тра-та-та-таммм та-таммм

***ВО ПОЛИХИМНИЈА***

**ВО ПОЛИХИМНИЈА
ТЕФТЕРУ ЕРУ**

Во едикоеси
Во крајно
Во нужно
Во речено
Во сторено
Во којзнае кое
Угоре и удолу
И угоре и удолу
И угоре и удолу
Во!
Кој знае кое
И угоре
И удолу
Тефтеру еру
Тефтеру еру
Тефтеру еру
За којзнае кое
Угоре и удолу
До зад рабовите на светот
До зад помислата за рабови
Кој да се крене
Кој е да биде
Што од букви и причини
Од едикоеси кое си мене

Доаѓа ли доаѓа да *биде*
Во тој рефрен преобразен
Тоа начело на боговите

## НА МИРЧЕ ДОНЕСКИ
## ОД ЗБОРОВИ ЗАВЕВНИ

Ни небото
Ни земјата
Ни мисли од мисли
Пробиваат пат
И врне ли врне
И мраз и снег
И вее
Низ букви и причини сипа
Ко да се напна нешто
Ко да се скипа
Со градите над светот
Во сферата немо
Низ себеси мина
Ко лебед влебедова песна
Се крена ко
Извиши
И небото стежна
И нурна
Со клунот
Во Бог и белина...
Во длабоко време и снег

## **МИСТИК – ВУЛГАТА**

*(Во спомен и посвета на режисерот и писател Никола Новковски, оваа песна ја објавувам без дообработка, онаква каква што Никола во нејзиното настанување 4.02.2003 – побара да му ја препишам)*

Од вас погледот
Рацете ги кревам
Ко Оној Иже Ест
Во зборот меѓу зборовите
Еднашка кога
Светлината од земјата
Ја кренал...
И нека се случат
Нештата во Книгата
Што секогаш во вашата
Илузија ја нема
Зашто друга е
Причината на неизбавените
И нека се отклучат
Вдувовите гласовите
Во Тоа Питие од јата
Хоровите бездомни ваши нека
Ја затворат
Вселената Вулгата

**ОХРИДСКО ЕЗЕРО – БРЕГ**

(*Пејзаж чат-пат*)

З'ш? – З'т!
З'"ш? – З'т!
З'шшшшшшшшшш
Реееееееее
Ко замирање крила
Ко спуштање на гласовите
Одложување ли повторно
Ли во ненадејната штама
Се одбива лебед
Од својата песна
Се ранува ли стрмно
Под ѕидините
Во однотено
Во зими
Во гета од скриени погледи
Во проомени промени
Поминуваат ли светите
Или пак сеприсутни
Гладни тивки еха
На нивното дамнешно одминување
Ги држат заробени слоговите
Пред правта превисока
За кутриот свет

Во некој постојан
Вошеметен круг
Некој постојано друг некој
Во кругот кругови
Ко сонантен клуч
Ко отшепотеност се чека
Ека свртувања и одѕиви
Пред потребата за тишина
Во слоеви и раскопи
Глаголи и именки
Во длабоко огледување
Во немо
Во миг заулен
Од привидите брегови и мрежи
По работ кратенки во јазикот
До во долбокото на Езерото
Некогаш чат бранови
Некогаш пат езерски луѓе
Чуннннннннн

**ПОНЕКОГАШ ВО ЕЗГИЈА**

Правам чај
Од билки од треви
Од ридје и брегови
Од лисје од мистици
Од ашавани и од артавани
Од што ќе ти фати
Раката по чај
По опој и мириси
Правам чај
Од приоди зачуденост
Стапала ненадејни за шепоти
Згусната пренаселеност
Од именки
Од растворешти
Во вода моја
Со чајник што свири
Од поглед ненамерен
Птица непозната глас
Во длабока шума
Низ гранки и лисје
Ко раце и прсти
Ко раце и
Прсти во префаќања
Во повици
Во ткај и плет

Во ноти и килими
До стебло и корење невидливо
Чај правам по сонце
Од без сенка
По да го грее од секаде
По до да го сети
На душата тој извишен лет
И Лебед
Ко од песна заборавена
Ко над невидливи харфи
Во превисокото
Над Планина закорабена
И шуми видливи и несогледливи
Во прешрокото

## ТОКАТА И ФУГА ВО СТРУГА

Од обичен кикот
И обични дланки
Птици
Јато во небото
Од смеа ли прсна
Восхит чисти ноти
И низ кревки брези
Бранување злато
Полета леко крило по сонце
Во водата весло
Низ одразот свој
Рефрен копнежи од погледи по
Ветер и лисје и висока есен
Виј конец во рака од бесшумно
Дете ли Бог ли Огледано нешто
Така што така да така
Ко тоа ил тој заутува вешто
По скалила втрка
Пак така па така
Сред тивко
Во ехо
Во своето среде
На оп! ко по брегот
Брег друг во друга
Песна со логови ови

Со одвнатре притаени
Сенки
Слогови раце и стихови
До есен друга струна во е
Сен нечујна песна во ихови
Или зима и белина
Зима и белина или
Зима и белина
Во замрзнат од лебеди хук
Во дрим одливи и одрази
Струга ли би
Од исчезнати
Огледала
Бестелесни
Ловци на јагули
Далечини
Празна
И нејасни
Тие што ќе минат
Над издиви ли
Река во ѕидови
Ли студен ли свечен молк
Ли чунар и чун?
Ли се шират
Во шепоти
Ко упорно јато птици
Од помисла
Од немо
Од испивања уморено
По небо се крева тих

Кикот крила лист
Занесен од есен
Во непроѕирно
Од трските миг
Непознат и вознесен
Дрем повлече внесе
Од планини мит и снег
Патишта заметкани
Во јазиците мрежи
За мрак и ден
Демнење
Во овие хартии
Крила и води густи
Од испразнет пуст
Од довикувања брег
Нечиј ли дрем
Ко од усти
Создавања пладне
Му отвори на езерото
Вечен бег
Од потоп
        Од сенки
                Од средиште

***КО ПО КАКО ПО***

**ПЕСНА ПОД ПЕСНИТЕ**
(праудолни ноти)

Удолу лудо долу праудолу
Ли ду
Низ таа депресија на зборовите
Аман
Низ тие одрони мене ноти лу
Ли да
Во дерево во еве ме сум
Ли не
Во тоа лизгање на слоговите
До лу
Ли е
Тоа безмерно заглаголено огледување
До песна под песните тек
На внушеното во сé
Тој цркалеж
Валеж
Давдолеж

**ВЕЛЕБРДО РАП И РЕКА**

Ке!
Та!
Ке! Та!
Ке – Та
Ке? – Та!
Та? – Ке!
Та – а-ааак! – еее
Таке! – Таке! – Таке!
Да! Таке, Таке, Таке,
Таке! Таке! Таке!
Е Таке! Таке! Таке!
Такетакееееееееее
(*И биб-ай̄ тӣшина*
*Со курзив*
*И клисура молк*)

**ВЕЛЕБРДСКА ЕКА**

Велебрдо ебрдо
Е од наааРид
До!-до!-до!
ДонаЧука
Е од наа-Рид
До на Чука
Е од нар-ид
Дона – аЧука
Ачука чука ачука
Е од нар – ид!
Дона – аЧука
Чука аЧука аЧука

И од наБлато
Ôд на блато
До наГумно
До наГ – умно
Е аЧука Чука аЧука
Е од наР – ид
До наЧука
АЧука Чука аЧука

**ДОДЕКА ВРНЕ СТЕП**
(по прозорците мартовски дожд)

(*На виртуозот на гитари*
*Влатко Стефановски*)

Што?
Што декатоова декатоона?
Што декатоваму декатотаму?
Што декатодекатодека!
Ошт? Тшо?
А во отакед!?
Аво отакед
Отакед воздухот отакед
А-но! отакед
Ано отакед
Ума во такед
Ума то такед
Ак е да такед
Да такед да такед
А таке! Д-ошт
А таке! Д-ошт
Атак е дошт
А.так..е...д'...ошт

**КАКО ПО**

Ко по ко по
Како по какопо
Клапнавме – клааап
Штом птица чувме
Ко во пусто
–Вознемирен мрааак
Ко по како по
Копо какопо
Ете
Ко во магла
Ко коњ и дете
Ко густо обземање
Ко нешто од нешто
Си одеше
Во зад некое какопо
Како посегање јаболко
Во некоја џиновска есен

(Струга – 24.08.2005
Скопје – 22.03.2006)

***ОСТРОВ***

**ДА СЕКАКО ТАА Е**

(*Со која осама се натпева*
*Кон кое средиште*
*Недостапна*
*Во митот на утрото и зборовите*
*И будењата на притоките*
*Пред да настапат отсутните*
*Отчукувања на часовниците*)

Да
Секако таа е
Она чудо во нас недостапно
За сонцето на зборовите
Тоа безмерно препознавање
Ко од праутроба
Во некое леуно сонење
Од заробени еха
Во шепоти јаве
Низ култови што неземно пее
Ко од пракатакомбите
Атакомбите такомбите
Ко прапричина од прапричина
Во Ух небесен
По стеблото и крошните

Да!
Секако!
Таа е!
Тоа треперење
Ноќе што го слушам
Тоа цутење
Тој опој
Тоа зреење
Во тишина превисока
Ко излегување на песната од песна и празнина
Пее!
Под јаболкницата на вековите

## НАД ИЗВОРОТ... ЖЕНА

Над изворот... жена
Го пушта
Ликот свој низ водите
И заводува во шуморот
Огледува
Се шепоти;
Ко во сонце да...
Посега
Ли среде чиста убавина
Среде мугри и слапови
И од песната
Ја слекува ли
Истата разделина
Меѓу денот и ноќта

## ОСТРОВ

Во сплот е воздухот
Восхит
Во сплет флуиден
И островов како
Да е во човеков да е
Што ко над себеси стои
Заумен
До вморе
До во дно и површно
Во мислите ли бранови кине
Ли вода се сама занела
Залела залула
Ли вода се сама занела
Онаму каде
Онаму онаму
Блеска
Ко молња
Во водата жена

## НЕКТАР И АМБРОЗИЈА

Нектар и амброзија е
Тоа што се раѓа
Во троена волја
Од непознатото лач
Се отвора
Под печатите
Божјата врата
Скриената
Причина на нештата

***ЗРНО***

## ЗРНО

Што да те земам
Гледајќи се втебе
Ако те земам
Под прашања
Ли прав и причини
Ли скалила молчење
Постојки пусти
Привиди ли
До колку те... ох!
Се свртам ли ла ло
Ни од одроње
Ни од камење
Ни од облачно

Но ко се кутна
Но ко се обори
Но ко се измори
Но ко се чу
Се отна нешто
Ли ла ло
Се оспори
Ко до длабоко
Се озбори до

Да те земам
Ко земање нешто
Од зрното

(*Во бесконечност некоја
Од воздух чуден
Од читач разбуден
Во да загледам се залулам
Во млечот меѓу ѕвездите*)

## О ГЛЕЈ ЛЕ ГЛЕЈ

О глеј ле глеј
Ти моливу нов
Шумо о голино
Ти урнато стебло
Споредбо
Ти помисло
Од урнатото
Од кршот и ломот
Исправено Ти
Од *низ* до *во*
Ти грло тесно
Графиту
Комору
Сону занишан
Во нешта неомеѓени
Рудо претпоставко бездно
Ти стило мастило море бран
Безбреговно Ти
Ко ветер и зборови
Ветер и зборови
Ветер и зборови
Еха
Во едрата белина

О глеј ле глеј!
И раце и јажиња
Раце и јажиња
Раце и јажиња
И прсти во затегнатото
Во непоимото
Во горе ле глеј
Ли гори
Ти око ле
Невидлив цртачу на хоризонти

**НАБЉУДУВАЊЕ**
**СТИХОВИ**

Огнот и Водата
Го откриваат
Во огнот и водата
Во О гон и вода
Бездруго
Го!
Во поземен сон
Откриваат
Исправен човек
Исправен чо
Век исправен
Ги!
Под ѕвездите
Открива своите
Игно мисли
Ата чекори
Ге гестови
Искри и капки
Гоа зборови
Ги е човек исправен!
Ко зад девет планини
Или пред
Девет реки попреку
И сѐ што е

Зад девет огледувања
Глеј!
Глед сончоглед ли
Човек исправен вглед
Ги пее see eee ги
Во пусто ли во полно поле
Сонце е
Во цвет и занес
Во жолтото
Во Ли
Во распеви нанес
Од фусноти скриени
Од невидимо броење
Ли некои нешта се збрале
Од По и од Ле
Од нишање во По и во Ле
Во лет ли
Ме сонце
Ојјј до-доле
Додоле
Во густо набљудување

**РЕФРЕНИТЕ**

а.
Лажен ли камен
Ли сенка
Меѓу нас падна
Што мрко сé гледате
И пошепотено
Во бранови будења
Во студ
И еха што нé мачат
Во водата и зборовите

б.
Пророците велеа:
Од сон во сон
Блудницата е жртва
Илузија гладна
Од рев шепоти
Од слогови и стихови
Од тела испотени
Во слоговите и стиховите
И само во огнот
Ко во митско некое **сега**
Ќе се препознае свој...

в.
Всушност:
Чии усти
И придоби обземеност
Отфрлање чие
И зборови тегоба не́ делеа
Од високото небо
Пред да се погледнеме
Пред да се
Низ празните бунари
Погледнеме
Во длабокото Ништо
Мислејќи
Е мртва
Суштината на митот
За рефрените

(8.02.2003)

**ХУК**

Некој светилник далечен
Ко кук од шума темна
Кукавица со светлина во глас
Некој збор островен ли
Ил планина моќна ѕемна
Кон патот млечен ја влече
Умата од ридиштата во прав
Или пак од ветришта зафучени
Од заборавено
Од чукање белеѕи
Од око
Одронот од ронот
Во рамното долу
Празен изби час
Птица сокри
Во Планина
Во ноќна
Во прашања и нас
Ли глас причини
Низ прстени низ
Одронетото
Ли река ли расте се надвига
Ли се вода слави
До длабоко
Ли извира

Ли никне забрането
Ли го човек пее
Ко Хук! од густото Он
Од Високото разместување

***ОРФЕИ***

**ОРФЕИ**

(одземања песна)

Чија ли помисла
Од осамени
Од езера се шири
Од какви заборавени
Од сутни
Површини и дна
Од капка превисока?
Од лачна?
Во кругови вода
Ли 'ртења ли волшепства
Впи копнежи
Зачна
Ли тајна е лира
Од пречиста убавина
До тишината
Во прераснувања!
Во лишувања!
Во слобода!
О чие ли што
Во придојдена
Ли небеса начна
Ил присуство ненадејно
Во огледувања преобразни
Ко нечија душа
Изнурна

Се отслови
*Бавно*
*Во свр̄тување*
*Во еха длабоки*
*Низ вековӣте*
О прсти бесшумни
Отворени сводови дланки
Длапки глопки
О семе брзо и блескаво
И прано
Во некое дрско праудолу
Од земја и време
Од бабрење од тишина
Од исчекување
Од премолчено
Во речиси шепот превисок
И штама
Во речиси шепот превисок
И штама
Во речиси нешто
Од отсутни погледи
На оние што излегуваат
И оние
По огледалата што тонат

## СТИХОВИ КУЌА ЗА ПРИСУТНОСТА

(На сестра ми)

Има еден смок
Од превеани зборови
Стаен
Во стиховите на детството
Еден шум
Во ѕидот домашен
Флуиден смок неверојатен
Тивок
Шум што спие во темелите
И лизга
Низ каменот на нашиот сон
Ко од највисокото на молкот
Немушт
Без сенка
Ко река
Бог
Молчења лизгави огледала
Ко далечни
За придавки брегови и дна
Ко да ги следи и впива
Нашите преобразби
Препознавања неба
Ко создаден од прашања
Од студени согласувања
Од можности шум

Во теснец
Во ѕидот домашен
Флуиден
Шум што лизга по нешто
Низ времето ѕвездено
Зад нашиот сон

(4.02.2003)

## АЈДЕ ДА БАРАМЕ

Ајде да бараме
*Нешто* во водата
Ко како во песок
Ко деца или со деца
Ко од зборови преземени
*Нешто* кога бараме
Што во денови други
Само на песок и молк
И само на песок и молк
И претурања личи
Ајде ко
Прстен ми падна
Нешто во водата
Мора да се најде
Нешто упорно што
Во отспроти прави
Бреговите брегови да се
И зборови и бројки и ноти
Ајде да араме бараме
Ко пролет во врбите
Ко свиралки
Ко зелено
Низ волшебни отсечки
Низ здив оморен
Да ромориме

Нешто во водата нешто
Што до густо ќе м'сне
Од под нашите сенки
Ќе болсне и плисне
Од тишината
Од огледалата
Кавици сонце
И повици
И еха совпаѓања
Во м'с!
Кавици кавици кавици
По површината

## АПРИЛСКА МУГРА

Колку ли упорна
Песна на славејот

Невидлив
И неповторлив

Какви ли шуморни
Ли зборови повторливи
Кафези чудни
Можат да се случат
Утрата да се вознемират
Сешта да се отклучат
Да се обидат
До шепоти ние
Небосклони
Пријатени до песна
Во неповторлива
Во чиста
Тишина по славејот

Може ох може ох може
Од непеење
Од отворен сон
Да ѕекнат
Од ох

Да слачат
Од поглед скриен
Од празно
Од можен
Ох може
Утрата да се вознемират
Од оххх
Чудни да се случат
Ох може
Во друго небо да екнат
И кои гласови
Кои гласови кои гласови
Нерастворливи зборови
Густи
Од восхит
Во штама извишувања
Да го одложат небото
Навевот на ветровите
По календарите
Будењето на полжавите
И распоредот во пев
На сите човечки нешта

***ТОЈ КОД***

## МАТКА

Кога грми оддалеку
Поодблиску се
Дождовите во мислите
Густината на жедните нешта
Пороите по книгите
Митските дождови announced неможни
Гласови заурлана вода
По ходниците
Библиотеките
Ѕидовите
Насипите
По нашите претпоставки
Можните намери
Во шепоти
Во неизвесност
Надоаѓа
Расссте
По сѐ што добива тек
Или го одзема
Во норно мерење небо
Во сплавови по улиците
Во бранови
Во довикувања од покривите
Во тишина

Во заутлива музичка празнина
Амбисна фуснота
Во ништо

(3/4/5 08. 2005)

## КАРТИЧКА ДО СИМОНА Д.

Кога грми од далеку
Млада дамо
Внимателно со водата
Дождовите и цвеќињата
Утринското налевање
Слапови по огледалата
Вашата коса
Во ненадеен вев
Во небрежно
Во пев и празно
Отфрлање на формите
И гледање птици
Гледање ко повици
Под облаци
Ко во стварно и нестварно
Ко со некого во неможно
Од Вашето сеќавање некој
Ко во еха и брегови
Во еха и брегови
Во еха
И брегови
Ко со стројници
Ко по некоја скраја
По небото о-ооо
Кога грми оддалеку
Внимателна млада дамо

Од клисури кога мати
Од стапалчиња од ноџиња
На каков звук ли збор ил име
Со тоа одложување на книгата
Од премолчено
Ќе ги зазовете дождовите
И колку пати
Од какви планини
Додоли и телали
Со какви тропалчиња зборовите
Што вчас горе се
Ќе паднат
Вчас се долу мисли
Да се кренат
Ко сплавови причини
Од некое навтасување
Кога грми и урали од далеку
Ко по прапотрага кога
Ни апка заутлива в аум
Во жедното на жедните нешта
Ни амбисна капка ни кап

(5/6.08.2005)

**ОСУМКА**

Тој код небесен
Во расслоени ноти
Земјата ја гиба
Па мислиш
Нескротливи танчери
Со нестварни стапала
Со боси
Дивеат од под планините
Во транс заветен
Во чиста празнина

Ѕверејќи се во сé и ништо
Се во сé и ништо
Се во сé и ништо
Се во сé и ништо
Урокливи шамани над котлините
Во бреф неподвижен седат
Ко да корнат неречени зборови
Ко во камена грамада да редат
Ко да чекаат
Од нереченото да ќе се роди
Ко Он
Ко Дете воплотено од сон
Од густо навестување

Во луѓе и реки
Луѓе и реки
Луѓе и реки
Во раце и капки и допири Бог

**ИСОНИЈА НА СОНЦЕТО**

Ра ре ри ру ро
Раре риру ро
Рарериру ро
Рарерируро
Рарерируро
Рарерируро
Ор! Ур!
Ир! Ер!
Ар
Ар
Ар! ррррррррр - Ра!
Ре ри ру ро

(18.05.2005)

## СОДРЖИНА

*ПАМУЧНИ ПОЛИЊА*
Памучни полиња........................................................... 7
Некој секогаш мене...................................................... 9
Ензура............................................................................ 11
Зимска акзима............................................................... 13
Ти дошло некое пошепотено...................................... 15
Да беше ти причината бар........................................... 17

*ПОЛИХИМНИЈА*
Во полихимнија Тефтеру еру...................................... 21
На Мирче Доневски од зборови завевни.................... 23
Мистик – Вулгата.......................................................... 24
Охридско езеро – брег.................................................. 25
Понекогаш во езгија..................................................... 27
Токата и фуга во Струга............................................... 29

*КО ПО КАКО ПО*
Песна под песните......................................................... 35
Велебрдо рап и река..................................................... 36
Велебрдска ека.............................................................. 37
Додека врне степ........................................................... 38
Како по........................................................................... 39

*ОСТРОВ*
Да секако таа е............................................................... 43
Над изворот... жена....................................................... 45
Остров............................................................................ 46
.

Нектар и амброзија........................................................ 47

*ЗРНО*

Зрно................................................................................. 51
О глеј ле глеј.................................................................. 53
Набљудување стихови.................................................. 55
Рефрените....................................................................... 57
Хук.................................................................................. 59

*ОРФЕИ*

Орфеи.............................................................................. 63
Стихови куќа за присутноста...................................... 65
Ајде да бараме................................................................ 67
Априлска мугра............................................................. 69

*ТОЈ КОД*

Матка.............................................................................. 73
Картичка до Симона Д. ................................................ 75
Осумка............................................................................. 77
Исонија на сонцето........................................................ 79

**Јордан Даниловски**
**ПОШЕПОТЕНА**

*Издавач*
**Македонска реч**
**E-mail: makrec@mt.net.mk**

*За издавачот*
**Дејан Контевски**

*Уредник*
**Нове Цветаноски**

*Корица, компјутерска подготовка и печат*
**САК-СТИЛ – Скопје, 2006**

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-1

ДАНИЛОВСКИ, Јордан
Пошепотена / Јордан Даниловски.- Скопје : Македонска реч, 2006. - 81 стр. ; 20 см. - (Библиотека Поезија)

ISBN 9989-163-22-7

COBISS.MK - ID 65140490

***Ова издание е финансиски поддржано од Министерството за култура на Република Македонија***